# Пивара Скопје АД
# Политика за намалување на загуби од храна *и отпад од храна*

Индустријата за производство на храна и пијалаци во Европа е дел од заедничката декларација за *загуби и* отпад од храна, под мотото "Секоја трошка храна е вредна", заложувајќи се за превенција од загубите на храна и промовирајќи "животен циклус" во намалувањето на отпадот. На ваков начин се покажува проактивност во изнаоѓањето на решенија и воспоставувањето на иницијативи на Европско, национално и глобално ниво. Заложбите се однесуваат и кон зголемување на свесноста за потребата од намалување на загуби *и отпад* од храна кај самите производители, во целиот ланец на снабдување *и на продажните места.* Дополнително, потписниците на декларацијата се заложуваат за меѓусебна соработка со сите заинтересирани страни во развојот и воспоставувањето на најдобри пракси.

Пивара Скопје АД ги поддржува сите релевантни аспекти од оваа декларација и директно учествува во постигнување на таргетите за нула-отпад (zero waste-to-landfill).

**Причини за загуби *и отпад од* храна и холистички фокус во целиот ланец на снабдување**

Пивара Скопје АД се залага за континуирано намалување на загубите *и отпадот* во целиот ланец на снабдување, преку постојана анализа на потенцијалните загуби на храна, вклучувајќи суровини, репроматеријали и готов производ, кои може да настанат од неусогласеност на квалитетот, делистирање, истурање, оштетување или чување на залихи на кои им истекува рокот на траење, во тек на производство, складирање, дистрибуција или на ниво на потрошувачите.

**Мерки за превенција од загуби *и отпад од* храна**

Преку оптимизиран и контролиран процес, Пивара Скопје АД се залага за намалување на загуби и *отпад од* храна, осигурувајќи само незначително количество на отпад од храна да заврши на депонија. Овој пристап вклучува различни активности и различни заинтересирани страни:

- Обука на вработените за превенција од загуби *и отпад од* храна, оптимизирање на производството *и продажбата* и подигнување на свеста за добри пракси и придобивки од принципот "нула отпад" во компанијата и пошироката јавност;
- Производство на различни големини на пакување, кои ќе ги задоволат барањата и потребите на различни групи на потрошувачи;
- *Донација на производи на вработени (за родендени, празници, награди, репрезентација, дегустација)*
- Партнерство со добавувачите на суровини за да се осигура нивна усогласеност кон Водечки Принципи за Добавувачи, принципи за одржливо земјоделство и апликативни стандарди за безбедност и квалитет;
- *Партнерства со непрофитни и хуманитарни организации за да се поддржат донации на производи кои се безбедни за консумација;*
- *Партнерства со компании за управување со нус-производи, наменети за производство на био-гас или исхрана на животни;*
- Комуникација кон потрошувачите за следење на старост и услови на чување на производите;
- Вклучување на бизнис партнери, регулативни тела, академии, невладни организации и околната заедница со цел идентификација и имплемнетација на иновативни решенија кои ќе допринесат за превенција од загуби *и отпад од* храна.

**Известување**

Загубите од храна се следат низ сите релевантни оперативни чекори преку воспоставениот систем на интегрирано известување од страна на одговорните лица. Наштите активности и нивниот прогрес транспарентно се комуницираат во рамките на компанијата и годишните извештаи за работењето на компанијата.

08/04/2024

Г. Стојковски
SC Директор